**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.03-856/1

Скопје 24.02.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Прв седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик, и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 17 до 23 февруари 2020 година.

Во него Ве информираме дека од 17 февруари, Агенцијата го започна мониторингот на изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори во 2020 година. Мониторингот на периодот пред започнување на изборната кампања се спроведува врз примерок од 10 програмски сервиси на државно ниво (два ТВ и еден радио сервис на МРТ и седум приватни ТВ сервиси), избрани врз основа на релевантни методолошки показатели за големината на публиката (удел во гледаноста над 1,5%) и за обемот на известување во претходните изборни процеси. Другите радио и ТВ сервиси ќе се анализираат по потреба, врз основа на претставки.

На првиот ден од мониторингот беше одржана и работилница со 15-те аналитичари вклучени во мониторингот, од кои четворица се надворешни соработници, ангажирани преку агенција за привремени вработувања избрана со јавна набавка.

Исто така, во текот на оваа седмица, Агенцијата двапати испрати известувања до радиодифузерите за различни аспекти од нивните обврски во овој период од изборниот процес:

- Најпрвин, на 17 февруари, тие беа известени за новата обврска согласно која, доколку сакаат да емитуваат платено политичко рекламирање, се должни да се регистрираат во Државната изборна комисија, најдоцна до 24 часот на 19 февруари 2020 година. Беа известени и за правилата во врска со утврдувањето на цените за платено политичко рекламирање, како и дека ценовниците треба да ги достават најдоцна до 21 февруари.
- Потоа, на 21 февруари, беа потсетени за правилата од Изборниот законик што се применуваат во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања.

Како и при претходните изборни процеси, веднаш по распишувањето на изборите, Агенцијата на својата веб страница постави посебен банер Избори 2020 во кој ќе се објавуваат сите документи поврзани со изборите и медиумското претставување.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**